Во последно време се поголем е интересот за дарување на конвалесцентна плазма.Се пријавуваат се повеќе потенцијални донори кои потекнуваат од Скопје но и од другите градови од земјата. Во изминатите денови во Институтот за трансфузиона медицина даруваа конвалесцентна плазма Александар Дукадиновски, Гоце Адамчевски, Златко Крстевски и Филип Гакидиев од Скопје. Им се заблагодаруваме на овие наши херои кои по оздравувањето од COVID-19, со голем ентузијазам даруваа плазма која е лек за потешките пациенти со активна болест. Нивниот хуман гест е голем допринос во борбата против пандемијата. Овој чин е охрбрувачки за останатите потенцијални донори да се приклучат на оваа хумана цел и да даруваат плазма. Сите потенцијални донори може да се пријават за дарување со пополнување на електронски формулар на следниот линк

http://itm.org.mk/%d0%b4%d0%b0-%d0%b3%d0%be-%d0%bf%d0%be%d0%b1%d0%b5%d0%b4%d0%b8%d0%bc%d0%b5-covid-19-%d0%b4%d0%b0%d1%80%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%98-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%b7%d0%bc%d0%b0-%d1%81%d0%bf%d0%b0%d1%81%d0%b8/

